СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 52. седница**
**25.4.2024 година**
**Точка на дневен ред бр.9**

# ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА

## за избор на друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, 2024 година**

Врз основа на член 45 од Статут на Стопанска банка а.д. Битола **СО бр. 02-6487/1/II-7 од 4.5.2023 година**, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 52. редовна седница одржана на ден 25.4.2024 година донесе

# ОДЛУКА

## За избор на друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола

### Член 1

За вршење ревизија на годишните финансиски извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за периодот од 1 (една) година, односно за тековната 2024 година, се определува Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ.

### Член 2

Се овластува Управниот одбор на Банката со Друштвото за ревизија од член 1 од оваа Одлука да склучи договор во кој ќе се определи обемот на ревизорските услуги и износот на надоместокот на истите во согласност со дадената понуда.

### Член 3

Износот на средствата на надоместокот за извршените услуги да паднат на товар на трошоците на работењето на Банката

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр.02-5332/1/II-9
Битола, 25.4.2024 година

Собрание
Стопанска банка а.д. Битола
Претседавач

**О б р а з л о ж е н и е**

**кон Одлуката за избор на Друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола**

Во согласност со член 105 од Законот за банките („Сл. весник“ на РМ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15 и 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 122/21)), банката е должна да определи друштво за ревизија кое ќе врши ревизија на годишните финансиски извештаи и трговските книги на Банката.

Стопанска банка а.д. Битола презеде активности за избор на ревизорско друштво за вршење ревизија со доставување Барање за прибирање понуди за избор на друштво за ревизија за вршење ревизија на финансиските извештаи и трговските книги на Банката, во согласност со Законот за банките. Барањето за понуда се однесуваше на една (2024), две (2024, 2025), три (2024, 2025 и 2026) и пет деловни години (2024-2028).

Во транспарентниот процес за избор на друштво за ревизија, притоа имајќи ги предвид законските ограничувања за периодот на последователни ревизии, постоењето на можен судир на интереси поради тековни заеднички проекти со одредени друштва, потоа ценејќи ги искуствата од меѓународната финансиска практика и водејќи се од принципите на репутациски ризик за Банката, покани за учество беа испратени на доленаведените друштва за ревизија:

- ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје;
- КПМГ ДОО Скопје;
- ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје;
- ЕРНСТ И ЈАНГ - ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје;
- БДО ДОО Скопје
- РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, Скопје
- Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО, СКОПЈЕ

Одборот за ревизија по разгледување на Записникот од состанокот на Комисијата на Банката за прибирање понуди и по изготвениот преглед на пристигнати понуди, достави предлог до Надзорниот одбор на Банката да се избере Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ за периодот за периодот од 1 (една) година, односно за тековната 2024 година.

Надзорниот одбор на седницата одржана на 21.3.2024 година го одобри предлогот на Одборот за ревизија за избор на Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ за вршење ревизија на финансиските извештаи и трговските книги на Стопанска банка а.д. Битола за периодот за периодот од 1 (една) година, односно за тековната 2024 година и истиот го доставува до Собранието на Банката за донесување одлука за назначување друштво за ревизија.

НО бр. 02-3787/1/II.2-7
Битола, 21.3.2024 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
претседател
Г-ѓа. Гордана Гацева